# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на четвртиот квартал од 2015 година

март 2016 година

**Бруто надворешниот долг**, на крајот на четвртиот квартал од 2015 година, изнесува 6.354 милиони евра и во однос на состојбата на крајот на претходниот квартал, бележи зголемување за 114 милиони евра. Кварталниот раст во целост произлегува од зголемувањето на приватниот долг за 215 милиони евра, при истовремено намалување на јавниот долг за 101 милион евра. Намалениот јавен долг во целост е резултат на намалувањето на долгот врз основа на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] (за 278 милиони евра), додека долгот на државата и на јавните банки и претпријатија е зголемен за 177 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** изнесуваат 3.990 милиони евра и во однос на претходниот квартал бележат намалување за 251 милион евра, од кои најголемиот дел, или 208 милиони евра, е намалување на јавните побарувања коешто произлегува од обратните репо-трансакции на Народната банка. Следствено, во четвртиот квартал на 2015 година, **нето надворешниот долг** бележи квартално зголемување за 365 милиони евра и изнесува 2.364 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2014 година,** бруто надворешниот долг е повисок за 361 милион евра. Притоа, приватниот долг е зголемен за 273 милиони евра (8,7%), со најсилен раст на меѓукомпанискиот долг, за 265 милиони евра. Бруто надворешните побарувања се намалени за 157 милиони евра, во најголем дел поради намалените јавни побарувања за 205 милиони евра (главно од намалените пласмани во должнички хартии од вредност кај централната банка). Во вакви услови, во текот на 2015 година нето надворешниот долг е зголемен за 519 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција,** во текот на четвртиот квартал од 2015 година, е зголемена за 184 милиони евра, што произлегува од споменатиот раст на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 365 милиони евра), делумно нетиран со падот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 181 милион евра). На крајот на 2015 година, негативната нето МИП изнесува 4.945 милиони евра, или 54,4% од БДП. И натаму, најголемиот дел (82,7%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 70,7% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2015 | | 30.09.2015 | | 31.12.2014 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,353.7** | **69.9** | **6,240.1** | **68.6** | **5,992.3** | **70.3** | **113.6** | **1.8** | **1.2** | **361.4** | **6.0** | **-0.4** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,353.7*** | ***69.9*** | ***5,960.9*** | ***65.6*** | ***5,992.3*** | ***70.3*** | **392.8** | **6.6** | **4.3** | **361.4** | **6.0** | **-0.4** |
| Долгорочен долг | 4,958.7 | 54.5 | 4,657.8 | 51.2 | 4,654.6 | 54.6 | 300.9 | 6.5 | 3.3 | 304.1 | 6.5 | 0.0 |
| Краткорочен долг | 1,395.0 | 15.3 | 1,582.3 | 17.4 | 1,337.7 | 15.7 | -187.3 | -11.8 | -2.1 | 57.3 | 4.3 | -0.3 |
| Јавен долг | 2,935.4 | 32.3 | 3,036.6 | 33.4 | 2,846.8 | 33.4 | -101.2 | -3.3 | -1.1 | 88.6 | 3.1 | -1.1 |
| Приватен долг | 3,418.3 | 37.6 | 3,203.5 | 35.2 | 3,145.5 | 36.9 | 214.8 | 6.7 | 2.4 | 272.9 | 8.7 | 0.7 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **3,990.0** | **43.9** | **4,241.4** | **46.7** | **4,147.2** | **48.6** | **-251.4** | **-5.9** | **-2.8** | **-157.2** | **-3.8** | **-4.7** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***3,990.0*** | ***43.9*** | ***3,962.5*** | ***43.6*** | ***4,147.2*** | ***48.6*** | **27.5** | **0.7** | **0.3** | **-157.2** | **-3.8** | **-4.7** |
| **Нето надворешен долг** | **2,363.7** | **26.00** | **1,998.7** | **21.98** | **1,845.1** | **21.63** | **365.0** | **18.3** | **4.0** | **518.6** | **28.1** | **4.4** |
| **МИП, нето** | **-4,945.3** | **-54.39** | **-4,761.5** | **-52.37** | **-4,549.0** | **-53.33** | **-183.7** | **3.9** | **-2.0** | **-396.3** | **8.7** | **-1.1** |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.3.2016 г.).

Извор: ДЗС, НБРМ.




На 31.12.2015 година, бруто надворешниот долг достигна ниво од 6.354 милиони евра, или 69,9% од БДП. На квартална основа, бруто надворешниот долг е зголемен за 114 милиони евра (или 1,8%).
Во споредба со крајот на 2014 година, бруто надворешниот долг бележи пораст од 361 милион евра (или 6%).

Извор: НБРМ.




Високиот пораст на приватниот долг во последниот квартал на 2015 година доведе до зголемување на неговото учество во вкупниот бруто надворешен долг, на квартална и на годишна основа (за 2,5 п.п. и 1,3 п.п., соодветно). За ваквите движења придонесе и истовременото намалување на јавниот долг во последниот квартал на годината.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура на бруто надворешниот долг, на квартална основа, бележиме намалување на учеството на краткорочниот долг за 3,4 п.п., додека на годишна основа рочната структура е речиси непроменета.




Извор: НБРМ.

Структурата на долгот според институционалните сектори укажува на најголемо учество на секторот „држава“ (32,9%), по што следуваат останатите сектори (32%) и капитално поврзаните субјекти (24,5%).




Извор: НБРМ.

Во поглед на финансиските инструменти, најголемиот дел од бруто надворешниот долг настанал врз основа на заеми (65,5%), како и врз основа на трговски кредити (18%) и должнички хартии од вредност (11,9%).




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како основен инструмент на надворешно задолжување, покажува дека најголемиот дел од обврските на крајот од четвртиот квартал на 2015 година се во евра (80%). Споредено на годишна основа, се забележува пораст на учеството на САД-доларот, и тоа главно кај задолжувањето на приватниот сектор.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на вкупниот бруто надворешен долг во четвртиот квартал на 2015 година произлегува од зголемувањето на приватниот долг за 215 милиони евра, наспроти намалениот јавен долг за 101 милион евра.




Извор: НБРМ.

Намалувањето на јавниот надворешен долг е резултат на намалувањето на долгот на централната банка, за 278 милиони евра (главно врз основа на репо-трансакции), што во поголем дел се нетира со зголемување на долгот кај сите останати потсектори. Зголемувањето на долгот на државата (за 111 милиони евра) главно произлегува од издавањето нова петгодишна евро-обврзница во номинален износ од 270 милиони евра, при едновремена отплата на евро-обврзницата издадена во 2005 година, во износ од 150 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Приватниот долг во четвртиот квартал е зголемен за 215 милиони евра, при што растот на обврските главно произлегува од новите задолжувања кон капитално поврзаните субјекти (за 215 милиони евра), додека растот на долгот на небанкарскиот приватен сектор во целост се нетира со намалениот долг на приватните банки.




Извор: НБРМ.

Со исклучок на централната банка, сите останати институционални сектори бележат квартално зголемување на обврските.




Извор: НБРМ.

За разлика од претходната година, растот на бруто надворешниот долг во текот на 2015 година, во најголем дел, произлегува од зголемувањето на приватниот долг за 273 милиони евра, при истовремен пораст и на јавниот надворешен долг, за 89 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционалните сектори, годишниот раст на бруто-долгот главно е сконцентриран кај останатите сектори, и тоа: како меѓукомпаниски долг (265 милиони евра, најмногу преку заеми) и како нови задолжувања кон кредитори без капитална поврзаност (153 милиони евра). Кај преостанатите институционални сектори (државата и депозитните институции), во однос на крајот на 2014 година, долгот е намален.




Извор: НБРМ.

На крајот на 2015 година бруто надворешните побарувања изнесуваат 3.990 милиони евра (43,9% од БДП). Во текот на четвртиот квартал од 2015 година, побарувањата се намалени за 251 милион евра (или 5,9%), додека споредено на годишна основа се пониски за 157 милиони евра (или 3,8%).




Извор: НБРМ.

На крајот на 2015 година е забележано поместување во корист на учеството на приватните бруто надворешни побарувања, и тоа за 1,8 п.п. на квартална основа, а за 3 п.п. на годишна основа.




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочноста, долгорочните и краткорочните побарувања имаат речиси еднаков удел во структурата. Долгорочните побарувања бележат раст на учеството за 4,2 п.п. во однос на претходниот квартал, додека во споредба со крајот на 2014 година, учеството на долгорочните побарувања е намалено за 3,3 п.п.




Извор: НБРМ.

Носител на поголемиот дел од бруто надворешните побарувања е централната банка (51,4%), по што следуваат побарувањата на останатите сектори со 23,1% и побарувањата на депозитните институции со 16,1%.




Извор: НБРМ.

Трите најзастапени инструменти, во рамки на бруто надворешните побарувања, се хартиите од вредност (44,3%), трговските кредити и аванси (26,8%) и валутите и депозитите (22,6%).




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на бруто надворешните побарувања во четвртиот квартал на 2015 година во најголем дел се должи на намалените јавни побарувања за 208 милиони евра (речиси целосно како резултат на намалените побарувања врз основа на обратни репо-трансакции на централната банка). Приватните побарувања бележат квартално намалување од 44 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во рамки на приватните надворешни побарувања, намалувањето најмногу се должи на намалените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (за 57 милиони евра) и меѓукомпаниските побарувања (за 12 милиони евра), наспроти зголемените побарувања на приватните банки (за 25 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголемиот дел од кварталниот пад на бруто-побарувањата произлегува од намалувањето на побарувањата на централната банка (за 198 милиони евра) и на останатите сектори (за 57 милиони евра). Единствено кај депозитните институции бележиме зголемување на побарувањата за 25 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2014 година, намалувањето на бруто надворешните побарувања во целост произлегува од јавните побарувања (205 милиони евра), додека приватните побарувања бележат раст од 48 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголем придонес за кумулативниот пад на вкупните надворешни побарувања имаат централната банка (со 172 милиона евра) и државата (со 33 милиони евра). Наспроти ова, побарувањата кај останатите сектори се зголемени за 47 милиони евра.




Извор:НБРМ.

На 31.12.2015 година, нето-обврските кон нерезиденти, врз основа на должнички инструменти, изнесуваат 2.364 милиони евра (26% од БДП). Како резултат на кварталното зголемување на бруто надворешниот долг (114 милиони евра), при квартално намалување на бруто надворешните побарувања (251 милион евра), нето надворешниот долг е зголемен за 365 милиони евра. На годишно ниво, нето надворешниот долг е зголемен за 519 милиони евра (28,1%), или за 4,4 п.п. од БДП.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, кв. 4 2015 година




Извор:НБРМ.

Годишниот пораст на нето-долгот произлегува од зголемениот јавен нето-долг за 294 милиони евра (зголемено учество во вкупниот нето-долг за 5,6 п.п.) и од зголемувањето на приватниот нето-долг за 225 милиони евра.




Извор:НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголем нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг изнесува 2.076 милиони евра, потоа следуваат останатите сектори со речиси изедначен нето-долг кон капитално поврзани и неповрзани кредитори, 1.199 и 1.111 милиони евра, соодветно. Централната банка и депозитните институции, пак, се нето-кредитори кон странство.




Извор: НБРМ.

Оваа 2015 година ја завршуваме со негативна нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) од 4.945 милиони евра, или 54,4% од БДП. Во текот на четвртиот квартал на 2015 година, негативната нето МИП е зголемена за 184 милиони евра, а за целата 2015 година за 396 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најголемиот дел (82,7%) се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 70,7% се врз основа на сопственички капитал. Сепак, во текот на 2015 година се забележува тренд на пораст на учеството на должничките инструменти во структурата на директните инвестиции.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст на негативната нето МИП е резултат на падот на страната на средствата (за 234 милиони евра), делумно нетиран со намалувањето и на страната на обврските (за 50,3 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, кварталниот раст на негативната нето МИП произлегува од зголемувањето на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 365 милиони евра), делумно нетирано со падот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 181 милион евра).
Притоа, дел од растот кај должничките инструменти е поврзан со падот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти, што има неутрален ефект врз нето МИП.




Извор: НБРМ.

Во однос на крајот на 2014 година, негативната нето МИП бележи кумулативен раст од 396 милиони евра, што се објаснува со растот на нето надворешниот долг (за 519 милиони евра), надоместен во еден дел со намалените нето-обврски врз основа на сопственички инструменти (за 122 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во структурата на сопственичките инструменти, намалувањето на нето-обврските произлегува претежно од падот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 160 милиони евра), надополнет со падот кај портфолио-инвестициите (за 27 милиони евра).

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | 157.7 | 139.9 | 153.4 | 134.3 | 148.5 | -9.2 | -5.8 | 14.2 | 10.5 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 674.4 | 689.1 | 660.8 | 653.3 | 756.9 | 82.5 | 12.2 | 103.6 | 15.9 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 4,133.8 | 4,255.1 | 4,323.5 | 3,981.8 | 4,183.0 | 4,269.7 | 4,235.6 | 4,164.3 | 182.4 | 4.6 | -71.3 | -1.7 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,092.5 | 1,077.0 | 1,087.6 | 1,040.1 | 1,096.1 | 1,133.0 | 1,074.7 | 1,140.8 | 100.7 | 9.7 | 66.1 | 6.2 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 78.2 | 83.5 | 82.9 | 82.2 | 83.2 | 5.0 | 6.4 | 1.0 | 1.2 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,251.5** | **6,359.8** | **6,240.1** | **6,353.7** | **361.4** | **6.0** | **113.6** | **1.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.7 | 1,976.6 | 1,981.4 | 2,092.3 | -33.4 | -1.6 | 110.9 | 5.6 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 5.0 | 6.4 | -278.2 | -77.0 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 606.1 | 607.9 | 582.8 | 614.4 | 601.9 | 608.4 | 582.0 | 585.9 | -28.5 | -4.6 | 3.9 | 0.7 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,792.6 | 1,905.3 | 1,928.3 | 1,879.8 | 1,952.8 | 1,989.3 | 1,970.5 | 2,032.7 | 152.9 | 8.1 | 62.2 | 3.2 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,227.9 | 1,250.3 | 1,298.2 | 1,294.2 | 1,339.4 | 1,373.6 | 1,344.8 | 1,559.6 | 265.4 | 20.5 | 214.8 | 16.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,251.5** | **6,359.8** | **6,240.1** | **6,353.7** | **361.4** | **6.0** | **113.6** | **1.8** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **66.0** | **67.4** | **74.3** | **70.3** | **68.8** | **70.0** | **68.6** | **69.9** | | **-0.4** | | **1.2** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3,304.2*** | ***3,780.4*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,326.1*** | ***5,442.7*** | ***6,033.1*** | ***5,992.3*** | ***5,998.3*** | ***6,030.8*** | ***5,960.9*** | ***6,353.7*** | ***361.4*** | ***6.0*** | ***392.8*** | ***6.6*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***48.8*** | ***55.9*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***62.4*** | ***63.8*** | ***70.7*** | ***70.3*** | ***66.0*** | ***66.3*** | ***65.6*** | ***69.9*** | | ***-0.4*** | | ***4.3*** |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 3,947.4 | 4,037.0 | 4,636.2 | 4,654.6 | 4,658.1 | 4,650.6 | 4,657.8 | 4,958.7 | 304.1 | 6.5 | 300.9 | 6.5 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,683.0 | 1,709.8 | 1,701.8 | 1,337.7 | 1,593.5 | 1,709.2 | 1,582.3 | 1,395.0 | 57.3 | 4.3 | -187.3 | -11.8 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 70.1 | 70.2 | 73.1 | 77.7 | 74.5 | 73.1 | 74.6 | 78.0 | | 0.4 | | 3.4 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 29.9 | 29.8 | 26.9 | 22.3 | 25.5 | 26.9 | 25.4 | 22.0 | | -0.4 | | -3.4 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 46.3 | 47.3 | 54.4 | 54.6 | 51.2 | 51.2 | 51.2 | 54.5 | | 0.0 | | 3.3 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 19.7 | 20.0 | 20.0 | 15.7 | 17.5 | 18.8 | 17.4 | 15.3 | | -0.3 | | -2.1 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,505.0** | **2,582.6** | **3,141.6** | **2,846.8** | **3,024.7** | **3,059.8** | **3,036.6** | **2,935.4** | **88.6** | **3.1** | **-101.2** | **-3.3** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.7 | 1,976.6 | 1,981.4 | 2,092.3 | -33.4 | -1.6 | 110.9 | 5.6 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 5.0 | 6.4 | -278 | -77.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 671.3 | 693.8 | 759.9 | 116.9 | 18.2 | 66.1 | 9.5 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,125.4** | **3,164.2** | **3,196.4** | **3,145.5** | **3,226.9** | **3,300.0** | **3,203.5** | **3,418.3** | **272.9** | **8.7** | **214.8** | **6.7** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 44.5 | 44.9 | 49.6 | 47.5 | 48.4 | 48.1 | 48.7 | 46.2 | | -1.3 | | -2.5 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 55.5 | 55.1 | 50.4 | 52.5 | 51.6 | 51.9 | 51.3 | 53.8 | | 1.3 | | 2.5 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 29.4 | 30.3 | 36.8 | 33.4 | 33.3 | 33.7 | 33.4 | 32.3 | | -1.1 | | -1.1 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.6 | 37.1 | 37.5 | 36.9 | 35.5 | 36.3 | 35.2 | 37.6 | | 0.7 | | 2.4 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проценка.
(извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 10.3.2016 г.).

Извор: ДЗС, НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 896.5 | 874.4 | 799.1 | 837.0 | 900.8 | 4.3 | 0.5 | 63.8 | 7.6 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 1,943.7 | 1,840.9 | 1,805.4 | 1,722.4 | 1,767.0 | -176.8 | -9.1 | 44.5 | 2.6 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 801.5 | 763.6 | 730.4 | 286.7 | 518.9 | 612.2 | 549.1 | 246.7 | -40.0 | -13.9 | -302.4 | -55.1 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 930.3 | 1,012.8 | 1,051.6 | 1,014.5 | 1,064.4 | 1,049.5 | 1,126.4 | 1,069.0 | 54.6 | 5.4 | -57.4 | -5.1 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 0.2 | 14.0 | 0.0 | 2.3 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 4.3 | 5.0 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 0.5 | 12.6 | 0.0 | 1.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,305.2** | **4,272.7** | **4,241.4** | **3,990.0** | **-157.2** | **-3.8** | **-251.4** | **-5.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 26.4 | 16.6 | -33.2 | -66.6 | -9.8 | -37.1 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | -171.9 | -7.7 | -198.0 | -8.8 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 538.2 | 532.4 | 586.0 | 641.1 | 619.4 | 601.4 | 616.5 | 641.4 | 0.2 | 0.0 | 24.9 | 4.0 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 809.7 | 883.0 | 904.1 | 875.1 | 929.0 | 911.2 | 978.9 | 922.1 | 47 | 5.4 | -56.8 | -5.8 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 558.5 | 528.9 | 508.6 | 360.3 | 335.4 | 365.7 | 372.7 | 361.0 | 0.7 | 0.2 | -11.7 | -3.1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,305.2** | **4,272.7** | **4,241.4** | **3,990.0** | **-157.2** | **-3.8** | **-251.4** | **-5.9** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **46.8** | **46.4** | **53.7** | **48.6** | **47.4** | **47.0** | **46.7** | **43.9** | | **-4.7** | | **-2.8** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***2,392.5*** | ***2,561.4*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***3,686.4*** | ***3,651.4*** | ***4,273.3*** | ***4,147.2*** | ***4,052.0*** | ***3,943.7*** | ***3,962.5*** | ***3,990.0*** | ***-157.2*** | ***-3.8*** | ***27.5*** | ***0.7*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***35.3*** | ***37.9*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***43.2*** | ***42.8*** | ***50.1*** | ***48.6*** | ***44.6*** | ***43.4*** | ***43.6*** | ***43.9*** | | ***-4.7*** | | ***0.3*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,079.4 | 1,833.1 | 2,348.4 | 2,235.6 | 2,104.9 | 2,069.7 | 1,969.6 | 2,020.6 | -214.9 | -9.6 | 51.0 | 2.6 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.3 | 2,122.4 | 2,231.1 | 1,911.6 | 2,200.3 | 2,203.0 | 2,271.8 | 1,969.4 | 57.7 | 3.0 | -302.4 | -13.3 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 52.1 | 46.3 | 51.3 | 53.9 | 48.9 | 48.4 | 46.4 | 50.6 | | -3.3 | | 4.2 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 47.9 | 53.7 | 48.7 | 46.1 | 51.1 | 51.6 | 53.6 | 49.4 | | 3.3 | | -4.2 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 24.4 | 21.5 | 27.5 | 26.2 | 23.2 | 22.8 | 21.7 | 22.2 | | -4.0 | | 0.6 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.4 | 24.9 | 26.2 | 22.4 | 24.2 | 24.2 | 25.0 | 21.7 | | -0.8 | | -3.3 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,084.3** | **2,011.2** | **2,580.8** | **2,270.6** | **2,421.4** | **2,394.4** | **2,273.4** | **2,065.6** | **-205.0** | **-9.0** | **-207.8** | **-9.1** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 26.4 | 16.6 | -33.2 | -66.6 | -9.8 | -37.1 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | -171.9 | -7.7 | -198.0 | -8.8 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,906.4** | **1,944.3** | **1,998.7** | **1,876.5** | **1,883.8** | **1,878.3** | **1,968.0** | **1,924.4** | **47.9** | **2.6** | **-43.6** | **-2.2** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 52.2 | 50.8 | 56.4 | 54.8 | 56.2 | 56.0 | 53.6 | 51.8 | | -3.0 | | -1.8 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 47.8 | 49.2 | 43.6 | 45.2 | 43.8 | 44.0 | 46.4 | 48.2 | | 3.0 | | 1.8 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 24.4 | 23.6 | 30.3 | 26.6 | 26.6 | 26.3 | 25.0 | 22.7 | | -3.9 | | -2.3 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 22.4 | 22.8 | 23.4 | 22.0 | 20.7 | 20.7 | 21.6 | 21.2 | | -0.8 | | -0.5 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проценка.
(извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија“ од 10.3.2016 г.).

Извор: ДЗС, НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -738.8 | -734.5 | -645.7 | -702.7 | -752.3 | -13.5 | 1.8 | -49.6 | 7.1 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | -1,269.3 | -1,151.9 | -1,144.5 | -1,069.2 | -1,010.0 | 259.3 | -20.4 | 59.1 | -5.5 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,332.2 | 3,491.5 | 3,593.1 | 3,695.1 | 3,664.1 | 3,657.5 | 3,686.4 | 3,917.6 | 222.4 | 6.0 | 231.1 | 6.3 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 162.2 | 64.2 | 35.9 | 25.7 | 31.7 | 83.4 | -51.7 | 71.8 | 46.1 | 179.8 | 123.5 | -238.8 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 58.5 | 58.4 | 58.3 | 58.3 | 58.3 | -0.2 | -0.4 | 0.0 | -0.1 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 73.9 | 78.5 | 78.1 | 77.5 | 78.4 | 4.5 | 6.1 | 1.0 | 1.2 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,946.3** | **2,087.1** | **1,998.7** | **2,363.7** | **518.6** | **28.1** | **365.0** | **18.3** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,969.8 | 1,935.2 | 1,955.0 | 2,075.6 | -0.2 | 0.0 | 120.7 | 6.2 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | 176.9 | -8.3 | -80.1 | 4.3 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | 67.8 | 75.4 | -3.2 | -26.7 | -17.5 | 7.1 | -34.4 | -55.4 | -28.7 | 107.6 | -21.0 | 60.9 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 982.9 | 1,022.4 | 1,024.3 | 1,004.7 | 1,023.8 | 1,078.1 | 991.6 | 1,110.6 | 105.9 | 10.5 | 119.0 | 12.0 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 669.4 | 721.4 | 789.5 | 933.9 | 1,004.0 | 1,007.9 | 972.1 | 1,198.6 | 264.7 | 28.3 | 226.5 | 23.3 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,946.3** | **2,087.1** | **1,998.7** | **2,363.7** | **518.6** | **28.1** | **365.0** | **18.3** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **19.2** | **21.0** | **20.6** | **21.6** | **21.4** | **23.0** | **22.0** | **26.0** | | **4.4** | | **4.0** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 1,868.0 | 2,203.9 | 2,287.8 | 2,419.1 | 2,553.2 | 2,580.9 | 2,688.2 | 2,938.1 | 519.0 | 21.5 | 249.9 | 9.3 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -228.3 | -412.6 | -529.3 | -574.0 | -606.9 | -493.8 | -689.5 | -574.4 | -0.4 | 0.1 | 115.1 | -16.7 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 113.9 | 123.0 | 130.1 | 131.1 | 131.2 | 123.7 | 134.5 | 124.3 | | -6.8 | | -10.2 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -13.9 | -23.0 | -30.1 | -31.1 | -31.2 | -23.7 | -34.5 | -24.3 | | 6.8 | | 10.2 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 21.9 | 25.8 | 26.8 | 28.4 | 28.1 | 28.4 | 29.6 | 32.3 | | 4.0 | | 2.7 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -2.7 | -4.8 | -6.2 | -6.7 | -6.7 | -5.4 | -7.6 | -6.3 | | 0.4 | | 1.3 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **420.7** | **571.4** | **560.8** | **576.1** | **603.3** | **665.4** | **763.2** | **869.8** | **293.6** | **51.0** | **106.6** | **14.0** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,969.8 | 1,935.2 | 1,955.0 | 2,075.6 | -0.2 | 0.0 | 120.7 | 6.2 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | 176.9 | -8.3 | -80.1 | 4.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 671.3 | 693.8 | 759.9 | 116.9 | 18.2 | 66.1 | 9.5 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,219.0** | **1,219.9** | **1,197.7** | **1,268.9** | **1,343.0** | **1,421.7** | **1,235.5** | **1,493.9** | **225.0** | **17.7** | **258.4** | **20.9** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 25.7 | 31.9 | 31.9 | 31.2 | 31.0 | 31.9 | 38.2 | 36.8 | | 5.6 | | -1.4 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 74.3 | 68.1 | 68.1 | 68.8 | 69.0 | 68.1 | 61.8 | 63.2 | | -5.6 | | 1.4 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 4.9 | 6.7 | 6.6 | 6.8 | 6.6 | 7.3 | 8.4 | 9.6 | | 2.8 | | 1.2 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.3 | 14.3 | 14.0 | 14.9 | 14.8 | 15.6 | 13.6 | 16.4 | | 1.6 | | 2.8 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 10.3.2016 г.).

Извор: ДЗС, НБРМ.

Табела 4
**Меѓународна инвестициска позиција***
(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | Кв.4-2014 | Кв.1-2015 | Кв.2-2015 | Кв.3-2015 | Кв.4-2015 | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,611.8** | **-4,801.4** | **-4,761.5** | **-4,945.3** | **-183.7** | **3.9** | **-396.3** | **8.7** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,404.0 | 4,392.5 | 5,034.1 | 4,634.0 | 4,831.3 | 4,790.3 | 4,755.6 | 4,521.6 | -234.1 | -4.9 | -112.5 | -2.4 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 8,993.9 | 9,052.7 | 9,586.3 | 9,183.0 | 9,443.1 | 9,591.8 | 9,517.2 | 9,466.8 | -50.3 | -0.5 | 283.8 | 3.1 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.8** | **-54.6** | **-53.4** | **-53.3** | **-50.7** | **-52.8** | **-52.4** | **-54.4** | | **-2.0** | | **-1.1** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,965.8 | -1,931.2 | -1,951.0 | -2,071.7 | -120.7 | 6.2 | 0.2 | 0.0 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | 2,179.2 | 73.7 | 3.5 | -179.7 | -7.6 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -604.9 | -621.2 | -550.6 | -534.5 | -542.7 | -566.9 | -525.0 | -499.7 | 25.3 | -4.8 | 34.8 | -6.5 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,275.2 | -4,282.0 | -4,266.3 | -4,301.6 | -4,375.4 | -4,475.9 | -4,391.1 | -4,553.1 | -162.0 | 3.7 | -251.5 | 5.8 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,839.5 | -3,824.4 | -3,825.5 | -3,902.7 | -3,974.9 | -4,019.8 | -4,023.8 | -4,089.9 | -66.1 | 1.6 | -187.2 | 4.8 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -147.6 | -137.8 | -643.2 | -621.7 | -617.8 | -590.4 | -580.2 | -648.3 | -68.1 | 11.7 | -26.6 | 4.3 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.3 | -3.4 | -3.5 | -3.5 | -3.6 | -3.6 | -3.6 | 0.0 | 0.1 | -0.1 | 2.7 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 467.0 | 5.2 | 1.1 | 1.0 | 0.2 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,818.6 | -2,891.5 | -2,907.3 | -2,926.3 | -2,842.4 | -2,838.1 | -2,876.6 | -2,904.1 | -27.5 | 1.0 | 22.2 | -0.8 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | -12.7 | 50.9 | 61.6 | 79.4 | 90.6 | 45.0 | 153.9 | 53.3 | -100.6 | -65.3 | -26.0 | -32.8 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 0.0 | 2.3 | 0.2 | 14.0 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | 2,261.8 | 74.4 | 3.4 | -174.7 | -7.2 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | -83.2 | -1.0 | 1.2 | -5.0 | 6.4 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проценка.
(извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 10.3.2016 г.).

Извор: ДЗС, НБРМ.